

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец април 2023

Датум: 15.05.2023
Сектор за инвестиции

Арх. бр. 09-1087
15.05.2023

## Содржина

1. Алкалоид АД Скопје ... 3
2. Македонијатурист АД Скопје ... 8
3. Тетекс АД Тетово ... 14
4. Реплек АД Скопје ... 18

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец април 2023 година се одржаа акционерски собранија на **Алкалоид АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Тетекс АД Тетово** и **Реплек АД Скопје,** компании во кои задолжителниот пензиски фонд и доброволниот пензиски фонд поседуваат акции и за кои согласно Правилникот, Друштвото има обврска за присуство и известување.

## 1. Алкалоид АД Скопје

### 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство:

**I. Алкалоид АД Скопје**

<table>
<tr><td>Име на акционерското Друштво</td><td colspan="2">Алкалоид АД Скопје</td></tr>
<tr><td>Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %</td><td>2,76%</td><td>Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери</td></tr>
<tr><td>Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %</td><td>1,29%</td><td>Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери</td></tr>
<tr><td>Датум на одржување на Собранието</td><td colspan="2">03.04.2023 година</td></tr>
<tr><td>Дневен ред на Собранието</td><td colspan="2">Процедурален дел:<br>1. Избор на претседавач со Собранието;<br>2. Избор на бројачи на гласови;<br><br>Работен дел:<br><br>3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2022 година (единечен и консолидиран);<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи;</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | 4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани);<br>- Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2022 година;<br>5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор<br>- Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите;<br>6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2022 година;<br>- Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2022 година<br>7. Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2022 година;<br>8. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар);<br>9. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;<br>10. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции;<br>11. Донесување на Одлука за престанување на мандатот на членовите на Надзорен одбор на Друштвото, поради истекот на времето за коешто се избрани и избор на членови на Надзорен одбор на Друштвото |

| | |
|---|---|
| | 12. Предлог-Одлука за определување награда на членовите на Надзорен одбор на Друштвото<br>13. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година |
| *Претставници на Собранието* | Васко Богдановски |

**II. Алкалоид АД Скопје**

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Алкалоид АД Скопје се одржа на 03.04.2023 година со почеток во 08:00 часот во просториите на Друштвото, на бул. Александар Македонски бр.12 во Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на бројачи на гласови;

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

3. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2022 година (единечен и консолидиран);
   - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишни Извештаи

**Гласаше ЗА**

4. Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани);
   - Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка на Друштвото, Консолидирана годишна сметка на Друштвото и Финансиски извештаи на Друштвото за 2022 година (единечни и консолидирани);
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управен одбор на Друштвото во 2022 година;

**Гласаше ЗА**

5. Извештаи за извршена ревизија од овластен ревизор
   - Предлог-Одлука за усвојување на Извештаите;

**Гласаше ЗА**

6. Извештај за работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2022 година
   - Предлог-Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Друштвото во 2022 година

**Гласаше ЗА**

7. Предлог Предлог-Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2022 година

**Гласаше ЗА**

8. Предлог-Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар)

**Гласаше ЗА**

9. Предлог-Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**Гласаше ЗА**

10. Предлог-Одлука за отуѓување сопствени акции

**Гласаше ЗА**

11. Донесување на Одлука за престанување на мандатот на членовите на Надзорен одбор на Друштвото, поради истекот на времето за коешто се избрани и избор на членови на Надзорен одбор на Друштвото

   - За избор на Проф. Д-р Миодраг Мицајков, Претседател на Надзорен одбор,

**Гласаше ЗА**

   - За избор на Бојанчо Кралевски, член на Надзорен одбор,

**Гласаше ЗА**

   - За избор на Лидија Софревска-Андонова, за независен член на Надзорен одбор

**Гласаше ПРОТИВ**

12. Предлог-Одлука за определување награда на членовите на Надзорен одбор на Друштвото

**Гласаше ЗА**

13. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2023 година

**Гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Алкалоид АД Скопје:

На Годишното собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 60,923% од акциите со право на глас.

По точките од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишниот извештај за работата на Друштвото за периодот јануари - декември 2022 година, работата на Управниот и Надзорниот Одбор, Годишната сметка и Финансиските извештаи, Ревизорските извештаи, како и Одлуката за распределба на добивката. На Собранието акционерите ја усвоија и предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, односно се изгласа бруто дивиденда во износ од 490 денари по акција.
Во однос на точката 11 од Дневниот ред т.е. изборот на членови на Надзорниот одбор за збор се јави претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, и истакна дека предложениот кандидат Лидија Софревска Андонова преставува вработено лице во компанијата, со што нејзината функција како независен член е доведена под знак прашалник. Се работи за вработено лице кое за својата работа одговара пред Управниот одбор, па оттука сметаме дека не е соодветно да ја извршува функцијата независен член на Надзорниот одбор поради што за нејзиниот избор гласаме Против.
Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од акционерите претставувани на собранието, освен точката за избор на независен член на Надзорен одбор каде 59,498 гласови, односно 6,95% од акциите со право на глас преставени на Собранието гласаа против.

Во ревидираните финансиски извештаи на Алкалоид АД Скопје ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата.
Вкупните консолидирани приходи од продажба на производи и услуги во 2022 година изнесуваат 14.289 милиони денари, и во споредба со остварените продажби во 2022 година (12.794 милиони денари) бележат пораст за 11,7%.
Според структурата најголем обем од продажбите, 68%, се остварени на странските пазари, додека пак од нив најголем дел се остварени во земјите од поранешна Југославија. Учество на Руският пазар во вкупните продажби изнесува 13,18% (во приходите од странство 19,4%), и во услови на војна и наметнати санкции од западните држави бележи раст од 56%.
Секторот фармација има доминантна позиција во компанијата со учество од 88% во вкупните приходи од продажба т.е. изнесуваат 12.604 милиони денари, и во споредба со 2022 година се повисоки за 12%.
Остварените вкупни расходи во 2022 година изнесуваат 12.749 милиони денари, и во однос на 2022 година бележат пораст за 12,2%. Во структурата на вкупните расходи најголемо учество со 30% имаат суровините и материјалите, па потоа трошоците за вработените со учество од 25,6%, и по нив трошоци за набавна вредност на продадените стоки со учество од 17,7% во вкупните расходи.
Остварената консолидирана Нето добивка во 2022 година изнесува 1.463 милиони денари, и во споредба со остварената во 2022 година е зголемена за 12,14%.
Вкупните средства, заклучно со 31.12.2022 година, изнесуваат 17.589 милиони денари и се повисоки за 10,8%. Раст е забележан и кај тековните и нетековните средства.

## 2. Македонијатурист АД Скопје

### 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Македонијатурист АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонијатурист АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **9,83%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,37%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 19.04.2023 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на верификациона комисија и бројач на гласови;<br>3. Избор на Претседавач со Собранието;<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Извештај од верификационата комисија;<br>2. Усвојување на записник од редовна годишна седница на Собранието на акционери на “Македонијатурист” АД Скопје одржана на на ден 11.05.2022 година, заведен под број 02-1778 од 11.05.2022 година;<br>3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот | |

| | |
|---|---|
| | извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2022 година, со предлог одлуки:<br>- Годишна сметка и финансиските извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2022 година;<br>- Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година;<br>- Годишна сметка и финансиски извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2022 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење;<br>- Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година, ревидирани од овластен ревизор;<br>- Годишен извештај за работењето на Друштвото во 2022 година, со Мислење од овластен ревизор<br>- Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2022 година;<br>4. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2022 година;<br>- Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2022 година;<br>5. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2022 година;<br>- Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2022 година;<br>6. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2022 година; |

| | |
|---|---|
| | - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2022 година;<br>7. Донесување одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2022 година;<br>- Предлог одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2022 година;<br>8. Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2022 година и утврдување дивиденден календар;<br>- Предлог одлука за исплата на дивиденда за 2022 година и утврдување дивиденден календар;<br>9. Донесување одлука за избор на овластен ревизор за 2023 година.<br>- Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2023 година;<br>10. Донесување на одлука за измена на Статутот на Друштвото;<br>- Предлог одлука за измена на статутот;<br>11. Донесување на одлука за престанок на мандат и избор на членови на Надзорен одбор;<br>- Предлог одлука за престанок на мандат и избор на членови на Надзорен одбор. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

## II. Македонијатурист АД Скопје

| **ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД** | **НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ** |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонијатурист се одржа на 19.04.2023 година со почеток во 12:00 часот во деловните простории на "Македонијатурист" на ул. "Филип Втори Македонски" бр. 5 во Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на верификациона комисија и бројач на гласови
3. Избор на Претседавач со Собранието

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен дел**

1. Извештај од верификационата комисија;

**Гласаше ЗА**

2. Усвојување на записник од редовна годишна седница на Собранието на акционери на “Македонијатурист” АД Скопје одржана на на ден 11.05.2022 година, заведен под број 02-1778 од 11.05.2022 година;

**Гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за годината која завршува на 31.12.2022 година, со предлог одлуки:
   - Годишна сметка и финансиските извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2022 година;
     - Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година;

**Гласаше ЗА**

   - Годишна сметка и финансиски извештаи на Македонијатурист АД Скопје за годината која завршува на 31.12.2022 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење;
     - Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година, ревидирани од овластен ревизор;

**Гласаше ЗА**

   - Годишен извештај за работењето на Друштвото во 2022 година, со Мислење од овластен ревизор
     - Предлог одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2022 година;

**Гласаше ЗА**

4. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2022 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор во 2022 година;

**Гласаше ЗА**

5. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2022 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Управниот одбор во 2022 година;

**Гласаше ЗА**

6. Разгледување и одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2022 година;
   - Предлог одлука за одобрување на Извештајот за работата на Внатрешната ревизија во 2022 година;

**Гласаше ЗА**

7. Донесување одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2022 година;
   - Предлог одлука за распределба на добивката по Годишна сметка за 2022 година;

**Гласаше ЗА**

8. Донесување одлука за исплата на дивиденда за 2022 година и утврдување дивиденден календар;
   - Предлог одлука за исплата на дивиденда за 2022 година и утврдување дивиденден календар;

**Гласаше ЗА**

9. Донесување одлука за избор на овластен ревизор за 2023 година;
   - Предлог одлука за избор на овластен ревизор за 2023 година;

**Гласаше ЗА**

10. Донесување на одлука за измена на Статутот на Друштвото;
    - Предлог одлука за измена на статутот;

**Гласаше ЗА**

11. Донесување на одлука за престанок на мандат и избор на членови на Надзорен одбор;
    - Предлог одлука за престанок на мандат и избор на членови на Надзорен одбор;

**Гласаше ЗА**

## 2.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонијатурист АД Скопје

На акционерското собрание, преку коресподенција, полномошно и лично, беа претставени акционери кои поседуваа 72,37% од акциите со право на глас.

Акционерите претставени на собранието позитивно се изјаснија за Годишниот извештај за работењето на Друштвото, за Годишната сметка и Финансиските извештаи, за Извештајот и работењето на Надзорниот одбор и работата на Управниот одбор.
Со 100% од акциите со право на глас претставени на Собранието се изгласа и одлуката за исплата на дивиденда во вкупна вредност од 52,87 милиони денари или 129,89 денари бруто дивиденда по акција. Од вкупниот износ предвиден за дивиденда 35,8 милиони денари се издвоени од нераспределена добивка од 2015, 2016, 2022 година, а 17 милиони денари ќе се искористат од добивката од 2022 година.
На Собранието се гласаше и по предлог Одлука за измена на Статут, и по предлог Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор.

Со предлог одлуката за измена на статутот на Друштвото се овозможи Надзорниот одбор да има најмалку тројца члена, со можност за зголемување на бројот на членови. Во случај Надзорниот одбор да е составен од четири или повеќе члена, најмалку една четвртина треба бидат независни членови.
Во однос на точка 11 од Дневниот ред т.е. одлуката за избор на членови на Надзорниот одбор, Сава Пензиско друштво АД Скопје во насока на позитивно влијание врз корпоративното управување на Друштвото поднесе Предлог-Одлука за избор на независен член на Надзорниот одбор, предлагајќи независен член да биде Г-дин Ѓорѓи Јанчевски, дипломиран економист.

На акционерското собрание претставените акционери едногласно гласаа за престанок на мандатот на членовите:

- Г-а Верица Хаџи Василева – Марковска, претседател
- Г-дин Тито Беличанец, член
- Г-дин Ванчо Узунов, член
- Г-дин Васил Поповски, член
- Г-дин Григор Копров, член

За нови членови на Надзорниот одбор акционерите ги избраа:

- Г-дин Доне Таневски
- Г-а Верица Хаџи Василева – Марковска
- Г-дин Владо Богдановски
- Г-дин Ѓорѓи Јанчевски

За независни членови се избраа: Г-а Верица Хаџи Василева, и Г-дин Ѓорѓи Јанчевски.

Во ревидираните финансиски извештаи на Македонијатурист АД Скопје ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата.
Макдонијатурист АД Скопје во 2022 година оствари нето добивка од 30,8 милиони, и приходи од работење во висина од 258,4 милиони денари. Во приходите од работење најголемо учество имаат приходите од ноќевање во вредност од 123,8 милиони денари, пота од храна и пијалаци во висина од 88,2 милиони денари, а другите хотелски услуги се во вредност од 33,4 милиони денари. Приходите од наемнини изнесуваат 12,7 милиони денари, а од финансирање се во висина од 59,3 милиони денари од кои 37,9 милиони се од дивиденди и 19,7 милиони денари се од камата.
Во билансот на Состојба вкупните средства изнесуваат 2.746 милиони денари, и се намалени за 2,3% во однос на 2022 година. Обврските на компанијата, заклучно со 31.12.2022 година, изнесуваат 45,2 милиони денари. Макдонијатурист АД Скопје нема долгорочни обврски. Вкупно во паричните средства, депозитите и вложувања во акции и обврзници компанијата поседува 1.683,8 милиони денари.
Во 2022 година инвестициите во основната дејност на Македонијатурист изнесуваат 41,5 милиони денари, од кои 32,6 милиони денари се инвестиции во хотелот Холидеј Ин, 3,9 милиони денари се во хотел Белви, а останатиот износ е инвестиции во одржување на хотелските капацитети во другите подружници. Искористеноста на хотелскиот капацитет во 2022 година изнесуваше 32,67%, а бројот на вработени изнесува 163 лица
Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје позитивно гласаше по сите точки од Дневниот ред. Сите точки од дневниот ред беа едногласно усвоени од претставените акционери на собранието.

Откако се усвоија точките од Дневниот ред Претседателот го прогласи акционерското собрание за затворено.

# 3. Тетекс АД Тетово

## 3.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд, за кое Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Тетекс АД Тетово**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Тетекс АД Тетово** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,58%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,05%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 26.04.2023 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на претседавач на Собранието<br>3. Избор на записничар и оверувачи на записникот<br>4. Избор на бројач на гласови<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2022 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2022 година<br>2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2022 година.<br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на | |

| | |
|---|---|
| | годишна сметка и финансиски извештаи за 2022 година<br>3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка за 2022 година.<br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на консолидирана годишна сметка<br>4. Разгледување на Извештаи на ревизорската куќа.<br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на Извештаи<br>5. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово за 2022 година.<br>- Предлог - Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и усвојување на Извештајот<br>6. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2022 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот<br>7. Донесување Одлука за распределба на добивката остварена по годишната сметка .<br>- Предлог -  Одлука за распределба на остварената добивка<br>8. Донесување Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар.<br>- Предлог - Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар<br>9. Донесување Одлука за стекнување сопствени акции<br>- Предлог – Одлука за стекнување сопствени акции<br>10. Донесување финансиски план за 2023 година.<br>- Предлог - Одлука за одобрување и усвојување |

| | |
|---|---|
| | финансиски план за 2023 година за Тетекс АД Тетово<br>11. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2023 година. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

## II. Тетекс АД Тетово

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Тетекс АД Тетово се одржа на 26.04.2023 година со почеток во 12:00 часот во просториите на Друштвото, на ул. Браќа Миладинови бр. 1, Тетово. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на претседавач на Собранието
3. Избор на записничар и оверувачи на записникот
4. Избор на бројач на гласови

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен дел:**

1. Разгледување и усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2022 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Тетекс АД Тетово за 2022 година

   **Гласаше ЗА**

2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Тетекс АД Тетово за 2022 година.
   - Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на годишна сметка и финансиски извештаи за 2022 година

   **Гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка за 2022 година.
   - Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на консолидирана годишна сметка

   **Гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештаи на ревизорската куќа.
   - Предлог - Одлука за одобрување и усвојување на Извештаи

   **Гласаше ЗА**

5. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Одборот на директори на Тетекс АД Тетово за 2022 година.
   - Предлог - Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори и усвојување на Извештајот

**Гласаше ЗА**

6. Разгледување и усвојување на Извештајот на Службата за внатрешна ревизија на Тетекс АД Тетово за 2022 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот

**Гласаше ЗА**

7. Донесување Одлука за распределба на добивката остварена по годишната сметка .
   - Предлог - Одлука за распределба на остварената добивка

**Гласаше ЗА**

8. Донесување Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар.
   - Предлог - Одлука за исплата на дивиденда и дивиденден календар

**Гласаше ЗА**

9. Донесување Одлука за стекнување сопствени акции.
   - Предлог – Одлука за стекнување сопствени акции

**Гласаше ЗА**

10. Донесување финансиски план за 2023 година.
   - Предлог - Одлука за одобрување и усвојување финансиски план за 2023 година за Тетекс АД Тетово

**Гласаше ЗА**

11. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор на годишната сметка на Тетекс АД Тетово за 2023 година.

**Гласаше ЗА**

### 3.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Тетекс АД Тетово:

На Собранието преку коресподенција и лично присуствуваа акционери кои поседуваа 68,55% од акциите со право на глас.

По точките од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишниот извештај за периодот јануари - декември 2022 година, работата на Одборот на директори, Годишната сметка и Финансиските извештаи, како и за Одлуката за распределба на остварената добивка. На собранието акционерите ја усвоија Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар т.е. се усвои одлука за исплата на бруто дивиденда од 110 денари по акција. Присутните акционери позитивно се изјаснија и за одлуките за стекнување на сопствени акции.
Во ревидираните финансиски извештаи ревизорот изразил позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на Тетекс АД Тетово.

Групацијата Тетекс АД Тетово прикажа приходи од продажба во вредност од 32,3 милиони денари, и останати оперативни приходи во висина од 136,7 милиони денари. Ставката останати оперативни приходи е двојно зголемена во однос на 2021 година, како резултат на зголемување на вредноста на вложувањата во недвижности.
Оперативната добивка изнесува 72,3 милиони денари, а нето добивката е 90,2 милиони денари. Најголем дел од приходите на Тетекс потекнуваат од приходи од дивиденди во висина од 28,5 милиони денари, приходи од наемнини во вредност од 17.7 милиони денари, а во 2022 година има остварено приходи од продажба на имот т.е. капитална добивка од продажба на имот во висина од 43 милиони денари.
Тетекс 2022 година купил земјиште од ТТК Банка АД Скопје, кое е класифицирано како вложување во недвижности во износ од 32,7 милиони денари, и земјиште во вредност од 17,5 милиони денари кое е класифицирано како вложување во недвижности наменети за продажба.
Вкупните средства заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 1,69 милијарди денари, а обврските се во висина од 62,3 милиони денари. Компанијата има краткорочен кредит во износ од 8 милиони денари, и обврски по основ на примен аванс од 32 милиони денари.
Во 2022 година склучени се и делумно реализирани преддоговори за продажба на недвижен имот сопственост на Тетекс АД, и тоа со следните купувачи:
1. ГАЛЕ-ИВА ДООЕЛ-Тетово –преддоговор за продажба на имот во вредност од 53.170 евра со вклучен ДДВ, односно купување на недвижен имот објекти во кругот на Комбинатот 167 м2 по цена од 310 ЕУР/м2 со вклучен ДДВ, како и земјиште од 7м2 по 200ЕУР/м2 со вклучен ДДВ.
2. ЛИДЛ С.МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ-Скопје – преддоговор за продажба на недвижен имот формиран од земјиште со вкупна површина од 10.000м2, и згради со вкупна површина од 1.672м2 од катастарска парцела на адреса Скопски Пат.
Вкупна вредност на преддоговорот изнесува 3.400.000 евра без вклучено ДДВ.
Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, позитивно гласаше по сите точки од Дневниот ред.
Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од акционерите претставувани на собранието.

## 4. Реплек АД Скопје

### 4.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Реплек АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Реплек АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **6,88%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |

| | |
|---|---|
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,26%** Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 26.04.2023 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;<br>3. Избор на Претседавач на Собранието;<br>4. Усвојување на Дневниот ред.<br><br>**Работен дел:**<br>1. Разгледување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари-декември 2022 година, усвојување на извештајот;<br>2. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2022 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај;<br>3. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото;<br>4. Одобрување на работата на Управниот одбор -одделно за секој член на органот<br>5. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2022 година во акумулирана добивка;<br>6. Донесување на одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година;<br>7. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;<br>8. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за |

| | |
|---|---|
| | 2022 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот;<br>9. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2023 година;<br>10. Донесување на одлука за определување на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор;<br>11. Донесување на одлука за усвојување на дивидендна политика;<br>12. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;<br>13. Донесување на одлука за отуѓување на сопствени акции;<br>14. Донесување на одука за измена на Статутот на Друштвото;<br>15. Донесување на одлука за избор на независен член на Надзорниот одбор; |
| *Претставник на Собранието* | Васко Богдановски |

**II. Реплек АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Реплек АД Скопје се одржа на 26.04.2023 година со почеток во 10:00 часот, во просториите на Друштвото на ул. Козле бр. 188 Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од Дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието
2. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери
3. Избор на Претседавач на Собранието
4. Усвојување на Дневниот ред

**Гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Разгледување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари-декември 2022 година;

**Гласаше ЗА**

2. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2022 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај;

**Гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото;

**Гласаше ЗА**

4. Одобрување на работата на Управниот одбор - одделно за секој член на органот;

**Гласаше ЗА**

5. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2022 година во акумулирана добивка;

**Гласаше ЗА**

6. Донесување на одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар);

**Гласаше ЗА**

7. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;

**Гласаше ЗА**

8. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2022 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор - одделно за секој член на органот;

**Гласаше ЗА**

9. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2023 година;

**Гласаше ЗА**

10. Донесување на одлука за определување на месечен паушал на членовите на Надзорниот одбор;

**Гласаше ЗА**

11. Донесување на одлука за усвојување на дивидендна политика;

**Гласаше ЗА**

12. Донесување на одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;

**Гласаше ЗА**

13. Донесување на одлука за отуѓување на сопствени акции;

**Гласаше ЗА**

14. Донесување на одлука за измена на Статутот на Друштвото;

**Гласаше ЗА**

15. Донесување на одлука за избор на независен член на Надзорен одбор на Друштвото;

**Гласаше ЗА Јана Алич Јужина**

**4.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Реплек АД Скопје**:

На Годишното собрание лично или преку овластен полномошник учествуваа акционери кои поседуваа 74,61% од акциите со право на глас.

По точките од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишниот извештај за работата на Друштвото за периодот јануари - декември 2022 година, работата на Управниот и Надзорниот Одбор, Годишната сметка и Финансиските извештаи, Ревизорските извештаи, како и Одлуката за распределба на добивката. На собранието акционерите ја усвоија и предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, односно се изгласа бруто дивиденда во износ од 2.000 денари по акција.

По точката 3 од Работниот дел за збор се јави Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје. Во своето обраќање претставникот побара од Управниот одбор истиот, под контрола на Надзорниот одбор, да преземе обврска да направи проценка на ставките за кои е изразено мислењето со резерва, и ако е потребно да побара и второ мислење од друг проценител или од Комората на проценители, за да може идниот ревизор да добие уверување за вистинската вредност на спорните ставки. Од страна на менаџментот на Реплек АД Скопје е одговорено дека забелешката е на место, и дека стојат на располагање на новиот ревизор за да се направи објективна проценка. Во контекст на оваа точка а поврзано со точката 7 од Дневниот ред, претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје побара поопширно објаснување од страна на Ревизорот дали согласно усвоените сметководствени стандарди и променливите сметководствени принципи требало да има проценка за спорната ставка за која е дадено мислењето со резерва? Исто така, беше побарана информација за тоа што е тоа што требало да се обезбеди, а не било обезбедено од раководството на компанијата за тој да не може да ја утврди вистинската вредност на опремата и постројките? Ревизорот во однос на оваа прашање се јави за збор и како објаснување изнесе дека имало проценка не постара од година дена, но таа проценка според него не била соодветна и тој го презел мислењето од ревизорот од претходната година бидејќи смета дека ревизор кој бил во компанијата 20 години најдобро можел да процени дали одреден имот од компанијата е обезвреднет. Во понатамошниот тек од Собранието акционерите ги усвоија ревизорските извештаи и го одобрија работењето на Надзорниот одбор.

Во однос на точка 15 од Дневниот ред т.е. одлуката за избор на членови на Надзорниот одбор, во функција на подобрување на корпоративното управување, Сава Пензиско друштво АД

Скопје поднесе Предлог Одлука за избор на независен член на Надзорниот одбор, предлагајќи ја Г-ѓа Јана Алич Јужина, дипломиран економист. По оваа точка се спроведе тајно гласање на предлог на акционери кои имаат над 10% од акциите претставени на Собранието. По спроведеното тајно гласање со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието за независен член на Надзорен одбор избран е кандидатот Јана Алич Јужина.

Сите точки од Дневниот ред со мнозинство гласови беа усвоени од акционерите пријавени на Собранието. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред.

Со исцрпување на дневниот ред Претседателот на Собранието го прогласи акционерското собрание за завршено.

Во ревидираните поединечни финансиски извештаи ревизорот дал позитивно мислење, и смета дека извештаите објективно ја презентираат материјалната и финансиската состојба на компанијата, додека пак во консолидираните финансиски извештаи мислењето на ревизорот е со резерва.
Реплек АД Скопје во консолидираните финансиски извештаи за 2022 година прикажа приходи од продажба во износ од 1.245,8 милион денари, оперативна добивка од 104,7 милиони денари и нето добивка од 81,93 милиони денари. Приходите од продажба во однос на 2021 година забележаа раст од 2,5%, додека пак оперативната добивка и нето добивката како резултат на повисоки трошоци и повисок износ на пресметана амортизација се пониски за 35% и 39,2% соодветно. Останатите приходи се во висина од 124,27 милиони денари, и се клучни за остварување на позитивниот резултат на Групацијата Реплек. Реплек во 2022 година изврши продажба на 3.558 м2 земјиште, со договорена продажна вредност во износ од 75 милиони денари, и продажба на удел (45% од Грин Шоп Скопје) во вредност од 13,7 милиони денари. Вкупните трошоци изнесуваат 1.237 милиони денари, а ставката Потрошени материјали и ставката Трошоци за вработените се највисоки расходни ставки со учество од 69,5% во вкупните трошоци на Групацијата. Износот за амортизација е во висина од 67,78 милиони денари и е неколкукратно зголемена во однос на 2021 година (12,7 милиони денари). Ваквиот раст е последица од промената на користените стапки на амортизација.
Вкупните средства заклучно со 31.12.2022 година изнесуваат 2.263 милиони денари и бележат раст од 6,7% во однос на 2021 година. Раст е остварен и кај тековни и кај нетековни срества. Вкупните обврски изнесуваат 729,26 милиони денари и се зголемени за 30% во однос на 2021 година.
Со 31.12.2022 година Групацијата има инвестиции (во тек) во вкупен износ од 110,1 милион денари и тоа: инвестиции во фотоволтаици, инвестиција во погон за канабис, инвестиција во погон за производство и инвестиција во контролна лабораторија.
Надвор од извештајниот период, врз основа на Одлука од Управниот одбор, на 09.01.2023 работната единица Реплек Маркет ДООЕЛ е затворена поради слабите резултати. Следствено на 07.02.2023 е склучен договор за закуп со правно лице за недвижниот имот и опремата кои биле користени во извршувањето на дејноста на работната единица Реплек Маркет.